

**ДЕЛ ОД ВИСТИНАТА ЗА ПРЕСПА ВО ПУБЛИКАЦИЈАТА „МАКЕДОНСКИ ИСЕЛЕНИЧКИ МЕРИДИЈАНИ“**

**Никола Беровски - „големиот учител од Преспа“ како што го нарекуваа македонските гласила во почетокот на 90-ти те години од минатиот век беше учител, преведувач и учебникар. Тој беше човекот кој многу придонесе за македонското малцинство во Албанија кога по Втората светска војна почна редовно образование на мајчин македонски јазик. Во економските тешкотии на селаните по војната и Албанија не беше целосно ослободена, во подрачјето на Преспа под Албанија еден од испратените македонски учители беше и Никола Беровски**

Делот од Македонија познат како Мала Преспа беше даден на Албанија по потпишувањето на Версајскиот мировен договор во 1919 година. Со овој договор заврши поделбата на Македонија меѓу Србија, Грција, Бугарија и Албанија и започна ерата на денационализација и присилна асимилација на македонскиот народ. Денес, Македонците во Албанија имаат поголема слобода и човекови права отколку Македонците во Грција и Бугарија, меѓутоа, сепак, тие не се доволни, таму сѐ уште постојат бројни прекршувања на човековите права.

Реалниот број на етнички Македонци во Албанија е оценет како поголем од 150.000 лица. Нивната најголема концентрација е во пограничните региони на Голо Брдо и Мала Преспа. Исто така, има голем број Македонци кои живеат во Тирана (околу 20.000), Поградец, Корча, Каваје и Елбасан.

Една од значајните личности во тој период беше Никола Беровски. Според оскудните податоци се знае дека е роден во 1923 година во Битола, каде и се стекнал со своето образование. Веднаш по Втората светска војна во 1945 година бил испратен во Албанија, во Мала Преспа, заедно со поголема група учители. Починал во 1993 година во Тирана.

Според зборовите на Македонците од Мала Преспа, учителот Никола Беровски бил просечен човек, дисциплиниран и трудољубив. Секогаш бил пример за колегите и за помладите генерации. Тој останал како блескав лик за Преспанци.


банкомат
24ч
STUDIO
NAUMO
Coca-Cola






Пишува: СЛАВЕ КАТИН
slavekatin@gmail.com
www.slavekatin.com